Interreg

Co-funded by the European Union

IPA Bulgaria - North Macedonia

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗЕЛЕНА ИНФРАСТРУКТУРА – ОПШТИНА КУМАНОВО 2027–2031

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
НА СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Име на документ:	Акциски план за зелена инфраструктура (2027 – 2031) за Општина Куманово
Изработен во рамки на проектот:	„ Урбано зазеленување за здраво дишење“, финансиран во рамки на Програмата Interreg VI-A ИПА Програма Бугарија – Северна Македонија 2021–2027 година.
Надлежен за спроведување на планскиот документ:	Центар за развој на Третиот Северо-Источниот Плански Регион
Изработен од:	Здружение за истражување, застапување и лобирање за еколошки теми МАКЕДОНСКИ ЗЕЛЕЕН ЦЕНТАР - Скопје
Датум на изработка	Август 2026 год

„Оваа публикација е финансирана / кофинансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Центарот за развој на Третиот Северо-Источниот плански регион и не ги одразува нужно ставовите на Европската Унија.“

1. Цел и опфат

Акцискиот план за зелена инфраструктура на Општина Куманово за периодот 2027–2031 година претставува оперативен документ за спроведување на Заедничката стратегија за зелена инфраструктура (2026–2036) за Североисточниот плански регион и Општина Ќустендил. Планот ги преточува регионалните стратешки цели во локални, просторно насочени и временски определени активности за Куманово.

Планот ги утврдува:

- просторните и тематските приоритети за развој на зелената и сино-зелената инфраструктура;
- мерките и проектните активности што треба да се подготват и реализираат во периодот 2027–2031;
- фазите и динамиката на спроведување;
- носителите, партнерите и механизмите за координација;
- индикаторите за следење на напредокот;
- индикативните буџетски категории и можните извори на финансирање.

Акцискиот план не ја заменува потребата од урбанистичка, проектна, техничка и еколошка документација. За секоја капитална интервенција ќе се подготват соодветни студии, основни проекти, пресметки, дозволи и проценки согласно важечките прописи.

2. Стратешка основа

Стратегијата го препознава Куманово како најголем урбан и економски центар во Североисточниот плански регион, со најизразена потреба од урбано зеленило поради концентрацијата на население, сообраќај, изграден простор и урбани активности. Истовремено, Кумановска Река, Пчиња и помалите водотеци претставуваат клучни сино-зелени коридори со значење за биодиверзитетот, микроклимата, рекреацијата и управувањето со ризици од поплави и ерозија.

Врз основа на Стратегијата, локалната интервенциска рамка се заснова на следните принципи:

- природата да се третира како инфраструктура;
- постојните паркови, дрвореди, јавни површини и речни простори да се поврзуваат во функционална мрежа;
- предност да имаат природно базирани решенија наместо прекумерно бетонирање;
- мерките да обезбедуваат повеќе придобивки истовремено – климатски, еколошки, социјални и економски;
- зелените простори да бидат достапни, безбедни и инклузивни;
- планирањето да се заснова на податоци, зелен катастар и редовен мониторинг.

3. Визија за 2031 година

До 2031 година Куманово ќе воспостави основа за поврзана, достапна и климатски отпорна урбана зелена мрежа, во која парковите, дворедите, училишните и јавните дворови, Кумановска Река, приградските зелени појаси и руралните предели ќе функционираат како меѓусебно поврзани елементи.

Градот ќе има подготвен зелен катастар, приоритетни проекти за ревитализација на речните коридори, проширени зелени и осенчени пешачки врски, пилот-природно базирани решенија за атмосферски води и воспоставен систем за годишно следење на зелената инфраструктура.

4. Стратешки цели

Ознака	Стратешка цел	Очекувана промена до 2031
СЦ1	Поврзување на урбаните зелени површини	Функционална мрежа од паркови, дрвореди, зелени улици и јавни простори.
СЦ2	Ревитализација на речните и сино-зелените коридори	Подобрени речни брегови, јавен пристап, еколошка функција и намален ризик.
СЦ3	Климатска адаптација и намалување на топлинските острови	Повеќе сенка, дрвна вегетација, дождовни градини и водо пропустливи површини.
СЦ4	Заштита на приградските и руралните зелени системи	Зелени појаси, живи огради, контрола на ерозија и подобра еколошка поврзаност.
СЦ5	Институционално управување и учество на јавноста	Зелен катастар, редовен мониторинг, координација и активни локални заедници.

5. Методологија за приоретизација на мерките

Приоретизацијата е извршена со повеќе критериумска анализа. Секоја предложена мерка е оценета според девет критериуми, со однапред определена максимална тежина. За секој критериум мерката добива основна оценка од 1 до 5, каде 1 означува многу низок придонес или подготвеност, а 5 означува многу висок придонес или подготвеност. Пондерираните поени се пресметуваат според формулата: основна оценка / 5 × максимален број поени за критериумот. Вкупниот резултат претставува збир од сите пондерирани поени, со максимум 100 поени.

5.1 Критериуми и тежински поени

Код	Критериум	Макс. поени	Начин на оценување
К1	Усогласеност со Стратегијата и стратешките цели	15	Придонес кон визијата, целите и приоритетните подрачја.
К2	Климатска отпорност и намалување ризици	20	Ефект врз поплави, топлина, суша, ерозија и атмосферски води.
К3	Еколошки и биодиверзитетски придобивки	15	Обнова на екосистеми, поврзаност, автохтона вегетација и живеалишта.
К4	Социјална корист и јавна достапност	10	Број и ранливост на корисници, инклузивност, здравје и рекреација.
К5	Итност и степен на деградација	10	Постоечки ризик, деградираност, небезбедност или губење функција.
К6	Техничка и институционална изводливост	10	Сопственост, документација, капацитет, сложеност и можност за фазирање.
К7	Мултифункционалност и исплатливост	10	Број на истовремени еколошки, климатски, социјални и економски придобивки.
К8	Потенцијал за партнерства и финансирање	5	Подобност за ЕУ/национални повици и можност за партнерска реализација.
К9	Одржливост и можност за одржување	5	Реален режим на одржување, трајност и институционална одговорност.

5.2 Категории на приоритет

Вкупни поени	Категорија	Интерпретација
85–100	Највисок приоритет	Мерката треба да започне или да се подготвува во првите две години.
70–84	Висок приоритет	Мерката се планира во тековниот циклус, по обезбедување предуслови и средства.
55–69	Среден приоритет	Мерката се реализира пилотски или по завршување на мерките со повисок ранг.
Под 55	Низок приоритет	Мерката се задржува како долгорочна опција или се преоценува.

5.3 Постапка на оценување

- Проверка на усогласеноста на секоја мерка со Заедничката стратегија и локалните потреби.
- Експертска оценка според деветте критериуми и достапните просторни, еколошки и институционални информации.
- Пресметка на пондерираните поени и вкупниот резултат.

- Проверка на резултатите во однос на временската динамика, зависностите и предусловите.
- Класификација во категорија на приоритет и внесување во консолидираната матрица.
- Ревизија на поените во 2030 година врз основа на нови податоци, подготвена документација и обезбедено финансирање.

Оценувањето претставува планска и експертска проценка. Пред донесување на годишните програми, резултатите треба да бидат разгледани од општинската работна група и релевантните чинители. Буџетот и проектната подготвеност можат да го променат редоследот на започнување, но не и стратешкото значење на мерката.

6. Просторни и тематски приоритети

6.1 Кумановска Река – главна урбана сино-зелена оска

Кумановска Река треба постепено да се трансформира од фрагментиран и недоволно искористен речен простор во јавен сино-зелен коридор. Интервенциите треба да се темелат на детално хидролошко, еколошко и имотно-правно истражување и да избегнуваат прекумерно бетонирање и стеснување на коритото.

Приоритетни насоки:

- инвентаризација и мапирање на состојбата на коритото, бреговите, отпадот, ерозивните и поплавните точки;
- подготовка на идејно и техничко решение за фазна ревитализација;
- чистење и контрола на отпадот со континуирано одржување;
- заштита и засадување автохтона крајречна вегетација;
- биоинженерски мерки за стабилизација на деградирани брегови;
- пешачки и велосипедски врски, одморалишта и едукативни точки на соодветни и безбедни делници.

6.2 Пчиња и помалите водотеци

Пчиња и нејзините притоки се важни природни и рурални коридори. Активностите треба да ја зачуваат крајречната вегетација, да ги санираат ерозивните точки, да го намалат внесот на отпад и да создадат контролирани можности за рекреација и еко-едукација.

Приоритетни насоки:

- мапирање на чувствителни делници и извори на загадување;
- санација на локални ерозивни точки со природно базирани решенија;
- воспоставување крајречни заштитни појаси;
- пилот еко-патеки и места за одмор без нарушување на екосистемот;
- меѓуопштинска координација со Старо Нагоричане и надлежните водостопански субјекти.

6.3 Централна урбана зелена мрежа

Постојните паркови, плоштади, дрвореди, пешачки зони и јавни зелени површини треба да се поврзат преку зелени улици и осенчени пешачки коридори. Првата фаза ќе вклучи мапирање на прекините во мрежата и избор на улици и јавни простори со најголем топлотен стрес и највисока фреквенција на корисници.

Приоритетни мерки:

- обнова и дополнување на дрвореди;
- заштита на постојни зрели и здрави дрвја;
- осенчување на пешачки правци, автобуски постојки и места за одмор;
- мали зелени џебови на неискористени јавни површини;
- поврзување со велосипедската и пешачката инфраструктура.

6.4 Маалски зелени простори

Во густо изградените населби треба да се обезбедат мали, достапни и безбедни зелени простори во разумна пешачка дистанца. Локациите ќе се избираат врз основа на недостигот од зеленило, густината на населението, топлотниот стрес и можноста за користење општинско земјиште.

- уредување микро-паркови и зелени џебови;
- дополнително садење дрвја и грмушки;
- инклузивни места за седење, игра и одмор;
- вклучување на месните заедници во изборот, користењето и грижата за просторот.

6.5 Зелени училишни и јавни дворови

Училиштата, детските градинки, здравствените објекти и административните институции се приоритетни точки за создавање локални зелени јадра. Мерките треба да обезбедат сенка, подобра микроклима, еколошка едукација и можност за престој на отворено.

- инвентаризација и избор на пилот-објекти;
- садење климатски отпорни видови;
- осенчување и уредување пристапни зелени зони;
- пилот дождовни градини и собирање дождовница каде што е технички можно;
- училници на отворено и ученички еко-програми.

6.6 Зелени улици, дрвореди и одржлива мобилност

Зелените улици треба да обезбедат поврзување меѓу секојдневните дестинации, јавните простори и речните коридори. Приоритет ќе имаат улици со висок пешачки интензитет, ограничена сенка, високи летни температури и можност за безбедно засадување без конфликт со подземната инфраструктура.

6.7 Дождовни градини и пропустливи површини

Природно базираните решенија за атмосферски води треба да се воведуваат пилотски на јавни паркиралишта, дворови, плоштади и улици што се соочуваат со локално задржување вода. Пред реализација ќе се проверуваат почвените, хидролошките и инфраструктурните услови.

6.8 Приградски и рурални зелени појаси

На периферијата на градот и во земјоделските предели треба да се зачува мозаичниот пејзаж и да се развиваат живи огради, заштитни дрвореди, зелени меѓи и агрошумарски појаси. Овие мерки придонесуваат за намалување на ерозијата, заштита од ветер, поврзување на живеалишта и поддршка на опрашувачите.

6.9 Деградирани и ризични површини

Деградираните површини, вклучително и подрачјата околу локацијата Краста, треба најнапред да бидат предмет на детална еколошка и техничка проценка. Озеленувањето може да се спроведува само по утврдување на безбедноста, режимот на користење, ризиците од загадување и потребните санациски мерки.

6.10 Зелен катастар и дигитално управување

Зелениот катастар ќе обезбеди единствена база за дрвја, паркови, дрвореди, јавни зелени површини, речни коридори и пилот сино-зелени решенија. Базата треба да содржи локација, вид, здравствена состојба, сопственост, режим на одржување и реализирани интервенции.

7. Динамика на спроведување 2027–2031

2027 – Податоци, институционална поставеност и подготовка

- Формирање општинска работна група за зелена инфраструктура.
- Воспоставување методологија и почетна фаза на зелен катастар.
- Мапирање на топлотен стрес, недостиг од зеленило и прекини во зелената мрежа.
- Инвентаризација на Кумановска Река и избор на приоритетни делници.
- Избор на пилот училишни/јавни дворови и маалски зелени простори.
- Подготовка на програма за заштита и замена на дрвја.

2028 – Пилот-мерки и проектна подготовка

- Подготовка на идеен и основен проект за првата фаза на Кумановска Река.
- Пилот-уредување училишни и јавни дворови.
- Пилот микро-паркови и зелени џебови.
- Пилот дождовни градини и водо пропустливи површини.
- Почеток на програма за дрвореди и осенчување автобуски постојки.

- Кампања „Зелено Куманово“ и волонтерски акции.

2029 – Урбано поврзување и речни интервенции

- Реализација на првата делница од урбаниот сино-зелен коридор на Кумановска Река.
- Проширување на мрежата на зелени улици и дрвореди.
- Уредување нови маалски зелени простори.
- Воспоставување мерки за контрола на отпад долж водотеците.
- Пилот крајречен заштитен појас и еко-патека во сливот на Пчиња.
- Почеток на програмата за рурални зелени појаси.

2030 – Проширување и климатска адаптација

- Проширување на ревитализацијата на Кумановска Река.
- Реализација на дополнителни дождовни градини и водо пропустливи површини.
- Проширување на зелените училишни и јавни дворови.
- Осенчување на приоритетни пешачки правци и јавни простори.
- Пошумување и контрола на ерозија на соодветни периурбани локации.
- Среднорочна евалуација и ажурирање на приоритетите.

2031 – Консолидација и следен инвестициски циклус

- Завршување на планираните приоритетни делници и пилот-мерки.
- Проценка на остварените индикатори и придобивки.
- Целосно оперативен зелен катастар и јавен преглед на резултатите.
- План за одржување и обновување на реализираните интервенции.
- Подготовка на проектно портфолио за периодот по 2031 година.
- Годишен извештај и јавен форум за зелена инфраструктура.

8. Матрица на поени за приоретизација

Мерки 1–13

Бр.	Мерка	К1	К2	К3	К4	К5	К6	К7	К8	К9	Вкупно	Категорија
1	Воспоставување зелен катастар	15	8	8	6	8	10	8	5	5	73	Висок
2	Мапирање топлотен стрес и недостиг од зеленило	15	12	8	7	8	10	8	5	5	78	Висок
3	Инвентаризација и проект за Кумановска Река	15	18	12	7	10	8	8	5	4	87	Највисок
4	Ревитализација на приоритетна речна делница – фаза I	15	20	15	9	10	6	9	5	4	93	Највисок
5	Проширување на речниот коридор – фаза II	15	20	15	9	9	6	9	5	4	92	Највисок
6	Контрола и отстранување отпад од водотеците	14	16	14	8	10	9	9	4	4	88	Највисок
7	Крајречна автохтона вегетација и био-инженерски мерки	15	19	15	7	9	7	9	5	5	91	Највисок
8	Заштита на Пчиња и помалите водотеци	15	19	15	7	9	7	9	5	5	91	Највисок
9	Пилот еко-патека и едукативни точки	12	8	10	9	6	8	8	4	4	69	Среден
10	Програма за урбани зелени коридори	15	18	14	10	9	8	10	5	4	93	Највисок
11	Обнова и дополнување дрвореди	15	17	14	9	9	9	9	5	5	92	Највисок
12	Осенчување пешачки правци и автобуски постојки	14	17	11	10	9	9	9	4	4	87	Највисок
13	Маалски микро-паркови и зелени џебови	14	15	12	10	8	9	9	5	5	87	Највисок

К1 Стратешка усогласеност
К2 Климатска отпорност
К3 Екологија
К4 Социјална корист
К5 Итност
К6 Изводливост
К7 Мулти функционалност
К8 Финансирање
К9 Одржливост

8. Матрица на поени за приоретизација – продолжение

Мерки 14–26

Бр.	Мерка	К1	К2	К3	К4	К5	К6	К7	К8	К9	Вкупно	Категорија
14	Обнова на постојни паркови и јавни зелени површини	15	15	13	10	8	8	9	5	5	88	Највисок
15	Зелени училишни дворови – пилот	14	14	11	10	8	10	9	5	5	86	Највисок
16	Проширување зелени училишни и јавни дворови	14	14	11	10	7	9	9	5	5	84	Висок
17	Дождовни градини – пилот	15	19	13	8	9	8	10	5	5	92	Највисок
18	Водо – пропустливи површини на јавни локации	15	19	12	8	9	7	9	5	5	89	Највисок
19	Заштита и инвентаризација на зрели дрвја	14	10	13	7	8	10	8	4	5	79	Висок
20	Програма за замена на болни и небезбедни дрвја	14	14	13	8	9	9	8	4	5	84	Висок
21	Приградско пошумување со автохтони видови	14	16	15	7	8	7	9	5	5	86	Највисок
22	Рурални зелени појаси, живи огради и зелени меѓи	14	15	15	7	8	8	9	5	5	86	Највисок
23	Проценка и план за санација на деградирани површини	15	16	13	7	10	8	8	5	4	86	Највисок
24	Кампања „Зелено Куманово“	12	8	8	10	7	10	8	4	4	71	Висок
25	Годишен извештај и јавен форум	14	8	8	7	8	10	8	5	5	73	Висок
26	Среднорочна евалуација	15	8	8	6	7	10	8	5	5	72	Висок

Поените се експертска проценка и подлежат на потврда и ревизија од општинската работна група и релевантните чинители.

9. Консолидирана матрица на мерки, приоритети и буџети

Мерки 1–13

Бр.	Мерка	Локација	Период	Поени	Приоритет	Индикатор	Буџет EUR	Носител/партнери
1	Воспоставување зелен катастар	Цела општина	2027–2029	73	Висок	Функционална ГИС база	150.000	Општина / ЈП
2	Мапирање топлотен стрес и недостиг од зеленило	Урбано подрачје	2027	78	Висок	Изработена карта и приоритети	45.000	Општина / експерти
3	Инвентаризација и проект за Кумановска Река	Кумановска Река	2027–2028	87	Највисок	Студија и основен проект	180.000	Општина / водостопанство
4	Ревитализација на приоритетна речна делница – фаза I	Кумановска Река	2029–2030	93	Највисок	m уреден сино-зелен коридор	1.900.000	Општина / ЈП / МЖСПП
5	Проширување на речниот коридор – фаза II	Кумановска Река	2030–2031	92	Највисок	m дополнително уреден брег	1.200.000	Општина / ЈП / МЖСПП
6	Контрола и отстранување отпад од водотеците	Кумановска Река и притоки	2027–2031	88	Највисок	t отстранет отпад; број акции	180.000	ЈП / инспекција
7	Крајречна автохтона вегетација и биоинженерски мерки	Речни брегови	2029–2031	91	Највисок	m стабилизиран/озеленет брег	420.000	Општина / водостопанство
8	Заштита на Пчиња и помалите водотеци	Рурални подрачја	2028–2031	91	Највисок	m заштитен појас; точки санирани	750.000	Општини / водостопанство
9	Пилот еко-патека и едукативни точки	Слив на Пчиња	2029–2031	69	Среден	km патека; број точки	200.000	Општина / НВО
10	Програма за урбани зелени коридори	Град Куманово	2027–2031	93	Највисок	km поврзани зелени правци	950.000	Општина / ЈП
11	Обнова и дополнување дрвореди	Приоритетни улици	2028–2031	92	Највисок	Број нови/заменети дрвја	420.000	Општина / ЈП
12	Осенчување пешачки правци и автобуски постојки	Урбано подрачје	2028–2031	87	Највисок	Број осенчени локации	210.000	Општина / превозник
13	Маалски микро-паркови и зелени џебови	Густо изградени населби	2028–2031	87	Највисок	Број локации; m² зеленило	440.000	Општина / месни заедници

9. Консолидирана матрица – продолжение

Мерки 14–26

Бр.	Мерка	Локација	Период	Поени	Приоритет	Индикатор	Буџет EUR	Носител/партнери
14	Обнова на постојни паркови и јавни зелени површини	Град Куманово	2028–2031	88	Највисок	m² обновена површина	650.000	Општина / ЈП
15	Зелени училишни дворови – пилот	Избрани училишта	2028–2029	86	Највисок	Број дворови; % сенка	220.000	Општина / училишта
16	Проширување зелени училишни и јавни дворови	Јавни институции	2029–2031	84	Висок	Број објекти; нови дрвја	375.000	Општина / установи
17	Дождовни градини – пилот	Јавни дворови/плоштади	2028–2029	92	Највисок	Број системи; m³ задржана вода	180.000	Општина / ЈП
18	Пропустливи површини на јавни локации	Паркиралишта и јавни простори	2028–2031	89	Највисок	m² заменета површина	600.000	Општина / ЈП
19	Заштита и инвентаризација на зрели дрвја	Урбано подрачје	2027–2028	79	Висок	Регистар; број заштитени дрвја	45.000	Општина / ЈП
20	Програма за замена на болни и небезбедни дрвја	Цела општина	2028–2031	84	Висок	Број заменети дрвја	350.000	ЈП / стручни лица
21	Периурбано пошумување со автохтони видови	Избрани безбедни локации	2029–2031	86	Највисок	ha пошумена површина	480.000	Општина / шумарство
22	Рурални зелени појаси, живи огради и зелени меѓи	Земјоделски предели	2029–2031	86	Највисок	km воспоставени појаси	350.000	Општина / земјоделци
23	Проценка и план за санација на деградирани површини	Краста и други локации	2027–2029	86	Највисок	Студија и план за санација	120.000	Општина / МЖСПП
24	Кампања „Зелено Куманово“	Цела општина	2028–2031	71	Висок	Број настани и учесници	75.000	Општина / НВО / училишта
25	Годишен извештај и јавен форум	Општина Куманово	2027–2031	73	Висок	1 извештај и 1 форум годишно	50.000	Општина / работна група
26	Среднорочна евалуација	Цела општина	2030	72	Висок	Усвоен извештај за евалуација	35.000	Општина / надворешни експерти

Вкупна индикативна вредност на сите мерки: 10.575.000 EUR без ДДВ. Проценките не претставуваат предмер-пресметка и треба да се потврдат преку техничка документација и пазарно истражување.

10. Клучни индикатори за следење

Индикатор	Почетна вредност	Цел до 2031	Извор/метод
Површина на јавна зелена инфраструктура	Ќе се утврди во 2027	Зголемување според катастарот	Зелен катастар / ГИС
Покриеност со крошни во приоритетни зони	Ќе се утврди во 2027	Најмалку +10% во пилот-зоните	Сателитски снимки / терен
Нови и заменети дрвја	0 како програмска основа	Најмалку 2.000, зависно од техничките услови	Евиденција за садење и прифат
Ревитализиран речен коридор	0 km во рамки на Планот	Најмалку 2 km подготвени/реализирани во фази	Проектна документација / терен
Маалски зелени простори	Ќе се утврди	Најмалку 8 пилот или обновени локации	Општинска евиденција
Зелени училишни и јавни дворови	Ќе се утврди	Најмалку 10 објекти	Записници / терен
Дождовни градини и пропустливи површини	0 програмски локации	Најмалку 5 пилот-локации	Технички прием / мониторинг
Рурални и периурбани зелени појаси	Ќе се утврди	Најмалку 10 km или еквивалентна површина	ГИС / терен
Годишни извештаи	0	5 извештаи	Општина Куманово
Јавни форуми	0	Најмалку 1 годишно	Записници и листи на учесници

Забелешка: конечните нумерички цели треба да се потврдат по утврдување на почетните вредности во 2027 година и по изработка на техничката документација за капиталните интервенции.

11. Модел на управување

За координирано спроведување се предлага формирање Општинска работна група за зелена инфраструктура. Во неа треба да учествуваат претставници на секторите за урбанизам, животна средина, комунални дејности, локален економски развој, финансии и образование, како и претставници на јавните претпријатија и други релевантни институции.

Актер	Главна улога
Општина Куманово	Координација, планирање, буџетирање, проектна подготовка и известување.
Јавни претпријатија	Одржување, оперативна реализација, податоци и техничка поддршка.
Центар за развој на Североисточниот плански регион	Регионална координација, проектни партнерства и мобилизирање средства.
МЖСПП и надлежни државни институции	Дозволи, стручна поддршка, води, природа и финансирање.
Училишта и јавни установи	Пилот-локации, едукација и редовно одржување.
Месни заедници и граѓански организации	Консултации, волонтерски акции и граѓански мониторинг.
Академски и стручни организации	Анализи, проектирање, мониторинг и евалуација.
Приватен сектор	Општествена одговорност, партнерства и поддршка на локални мерки.

12. Буџетска логика и извори на финансирање

Акцискиот план користи индикативни буџетски категории, бидејќи конечната вредност на мерките ќе зависи од опфатот, имотно-правните услови, техничките решенија и пазарните цени во моментот на набавката.

- Ниско вложување – катастар, анализи, инвентаризација, кампањи, мали акции и мониторинг.
- Средно вложување – дрвореди, зелени дворови, микро-паркови, еко-патеки и пилот дождовни градини.
- Средно–високо вложување – обнова на паркови, пропустливи површини, рурални зелени појаси и биоинженерски речни мерки.
- Високо вложување – фазна ревитализација на Кумановска Река и поголеми урбани зелени коридори.

Потенцијални извори на финансирање:

- Буџет на Општина Куманово;
- национални програми за животна средина, води, локален развој и климатска адаптација;
- ИПА и Interreg прекугранични програми;
- ЕУ програми и инструменти, вклучително LIFE, Horizon Europe и други релевантни повици;
- Фонд за иновации и други национални инструменти, каде што се применливи;
- јавно-приватни партнерства и корпоративна општествена одговорност;
- донаторски и развојни програми.

13. Управување со ризици

Ризик	Ниво	Мерка за ублажување
Недоволно финансиски средства	Високо	Фазно спроведување, проектно портфолио и диверзификација на изворите.
Нерешени имотно-правни односи	Високо	Рана проверка на сопственоста и приоритет на општински локации.
Конфликт со подземна инфраструктура	Средно–високо	Катастар на инсталации и координација пред садење и градење.
Недоволно одржување	Високо	План за одржување, јасни одговорности и обезбеден годишен буџет.
Суша и висока смртност на садници	Високо	Соодветни видови, период на садење, наводнување и гарантен прием.
Поплави и екстремни врнежи	Високо	Хидролошки анализи, природно базирани решенија и фазна реализација.
Недоволна јавна поддршка	Средно	Рани консултации, месни заедници и транспарентно известување.
Загадени деградирани локации	Високо	Еколошка проценка и санација пред озеленување или јавна употреба.

14. Комуникација и учество на јавноста

Комуникацијата треба да започне уште во фазата на избор на локации. Општината ќе организира јавни консултации, тематски работилници, ученички активности, локални акции за садење и чистење, како и годишен форум на кој ќе се презентираат резултатите и следните приоритети.

Клучни комуникациски пораки се: зелената инфраструктура е јавна инфраструктура; зрелите дрвја и речните коридори се вредни природни ресурси; одржувањето е еднакво важно како и изградбата; а граѓаните, институциите и деловниот сектор имаат заедничка одговорност за зеленото Куманово.

15. Следење, известување и ревизија

Работната група ќе подготвува годишен извештај со реализирани активности, индикатори, финансиска реализација, состојба на одржувањето, проблеми и препораки. Зелените површини и дрвјата ќе се следат преку зелениот катастар, теренски проверки и, каде што е можно, сателитски и геопросторни податоци.

Во 2030 година ќе се спроведе среднорочна евалуација. Во 2031 година ќе се подготви завршна оценка на првиот имплементациски циклус и портфолио на приоритетни проекти за следниот период.

16. Заклучок

Акцискиот план создава реална и фазна патека за развој на зелената инфраструктура во Куманово во периодот 2027–2031 година. Неговата реализација треба да започне со податоци, проектна подготовка и пилот-мерки, а потоа постепено да премине кон поголеми инвестиции во урбани зелени коридори, речни простори и климатска адаптација.

Успехот ќе зависи од стабилна институционална координација, редовно одржување, активно учество на граѓаните и навремено обезбедување средства. Планот треба да се разгледува како динамичен документ што ќе се ажурира според резултатите од мониторингот, достапните финансиски можности и новите климатски и просторни услови.

Анекси – проектни фишеа